Агенцијата за вработување (АВРМ) во рамките на постојаниот проект финансиран од ЕУ „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)", објавува:

**Јавен повик**

**за долгорочно невработени лица за учество во „Обуки за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот"**

Се повикуваат сите долгорочно невработени лица евидентирани во Агенција за вработување како активни баратели на работа, да искажат интерес и да аплицираат за стекнување дополнителни знаења и професионални вештини кои се побарувани на пазарот на трудот за следното занимање:

- **Монтер и инсталатер на сончеви панели**

Обуките ќе се спроведуваат во период од 4 (четири) месеци. Обуките вклучуваат предавања, часови за подготовка на испит и испит(и ) за стекнување со сертификат.
Секое невработено лице избрано да учествува во обуките ќе потпише Договор за учество во обуката,
Трошоците за месечниот надомест за учесниците во обуката во износ од 6.248,00денари, со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и персонален данок на доход за секој учесник, ќе бидат покриени од страна на Агенцијата за вработување во рамки на тековниот проектот финансиран од ЕУ „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)".
.
По завршување на обуката, секој од учесниците кои го исполнуваат условот за минимум 70 % учество на предвидените часови обука и имаат добиено потврда за реализирана практична обука, ќе може да полагаат испит за проверка и вреднување на стекнатите знаења и вештини пред Комисија, и да се здобијат со соодветен сертификат.

**Критериуми за аплицирање:**

Заинтересираните долгорочно невработени лица можат да ја пополнат Апликацијата за учество, со цел да учествуваат во горе наведената обука во Агенцијата за вработување и во некој од Центрите за вработување низ државата.
Секој кандидат треба да ги исполнува следниве критериуми:

- Долгорочно невработени лица регистрирани во Агенцијата за вработување како активни баратели на работа подолго од една година;
- Невработеното лице во Индивидуалниот план за вработување (ИПВ) да има изјавено дека сака да посетува Обуки за вештини побарувани на пазарот на трудот. ;

- Соодветно образование, релевантно за видот на обуката.

Крајната селекција на учесниците ќе биде извршена од страна на Евалуациска Комисија на основа на погоре споменатите критериуми, формирајќи ранг листа на сите заинтересирани кандидати.

Кандидатите кои досега не учествувале на вакви обуки се охрабрени да се пријават за учество. Агенцијата за вработување ги охрабрува сите долгорочно невработени лица од различен пол, националност и културна припадност да аплицираат со цел да се здобијат со релевантни вештини за специфични професионални вештини побарувани на пазарот на трудот. Лицата од малцинските групи, како и лицата со посебни потреби се охрабруваат да аплицираат.

**Процедура и рок за аплицирање**

Заинтересираните долгорочно невработени лица, регистрирани како активни баратели на работа можат да поднесат Апликација за учество во Агенцијата за вработување и во некој од 30-те Центри за вработување низ државата, изразувајќи го својот интерес за учество во обуките за вештини побарувани на пазарот на трудот, со наведување на типот на обуката, секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.

Сите податоци вклучени во пријавата за учество ќе се сметаат за доверливи.

Детални информации можат да се добијат во работните клубови на 30-те Центри за вработување каде лицата се евидентирани како невработени, како и на Контакт телефон (02) 3 213 070 и веб страната на Агенција за вработување www.avrm.gov.mk.

Јавниот оглас ќе биде објавен на следниве веб страни:

- Агенција за вработување www.avrm.gov.mk
- Министерсво за труд и социјална политика www.mtsp.gov.mk .

Проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)" е финансиран во рамките на Оперативната програма за "Развој на човечки ресурси 2007-2013"(ИПА Компонента IV). Активностите на проектот директно придонесуваат во достигнувањето на целите од Оперативниот план за Активни мерки на пазарот на трудот за 2015 година.